Предавање на тема: Одземање и враќање на деловна способност

Онлине советување организирано од страна на Академијата за судии и јавни обвинители

Предавач: судија д-р Али Алиу.

Деловната способност е способност за самостојно одлучување за правата и обврските. Лицето може самостојно да дејствува доколку состојбата на неговото душевно здравје е таква што тој може да го сфати значењето на дејствијата што ги презема и правните последици од тие дејствија.

Лицето со целосна деловна способност може со сопствена изјава на волја да преземе права, прифати обврски и стапи во различни правни односи. Деловната способност во Република Северна Македонија се стекнува со полнолетство. Одредбите кои укажуваат на ова се наоѓаат во Уставот на РСМ, па потоа во Законот за семејство и Законот за облигационите односи.

Правило е дека возрасно лице има правна и деловна способност.

Меѓутоа, состојбата на душевното здравје на едно лице по полнолетството може да се промени, така што лицето не е веќе во состојба самото да управува со своите дејствија и да дава правно релевантни изјави на волја. Таквото лице е опасност за самото себеси, но и за другите учесници во правниот промет. Се наметнува потреба грижата за правата и интересите на лицето да ја преземе друг - неговиот старател. За да се создадат претпоставки за тоа, потребное на лицето најпрвин да му биде одземена деловната способност.

Одземањето и враќањето на деловната способност се врши во вонпарнична постапка.

**Месно надлежен суд**

Месната надлежност на судот во оваа вонпарнична постапка е определена според правилото *forum domicilii* за лицето за кое се води постапката. За одземање деловна способност на лице државјанин на Република Македонија, надлежен е судот на чиешто подрачје лицето има живеалиште, односно престојувалиште. Ако лицето нема живеалиште, односно престојувалиште во Република Македонија, надлежен е судот на чие подрачје тоа лице имало последно живеалиште односно престојувалиште (чл. 35 ЗВП).

**Поведување на постапката**

Во поглед на поведувањето на постапката за одземање на деловната способност, дошле до израз начелото на диспозиција и начелото на официјалност (чл. 36 ЗВП). Според начелото на официјалност, постапката за целосно или делумно одземање деловна способност ја поведува судот по службена должност. Постапката може да се поведе и по предлог на овластени со закон предлагачи (диспозитивна максима). Постапката за одземање деловна способност судот ја поведува по службена должност во општ интерес во сите случаи кога самиот ќе дознае или ќе утврди дека постојат причини на едно лице да му биде одземена деловната способност или ако за тоа прими известување од лица или органи. Судот може да дознае, односно да утврди дека постојат причини за одземање на деловната способност на едно лице, на пр., водејќи постапка за задржување на лицето во јавна здравствена установа за лекување душевни болести или кривична постапка во која е изречена некоја од мерките на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа или задолжително психијатриско лекување на слобода или задолжително лекување алкохоличари и наркомани.

**Кои се овластени предлагачи?**

Овластени предлагачи за поведување на постапката за одземање деловна способност се: а) брачниот другар, б) определен круг крвни роднини на лицето (дете, внук, родител, дедо, баба, брат, сестра), в) секо друг кој со тоа лице живее во трајна заедница и г) надлежниот центар социјална работа. Постапката за одземање деловна способност може да се поведе и по предлог на поголем број овластени предлагачи. Лицето на кое треба да му биде одземена деловната способност не е овластено самото за себе да ја поведе оваа постапка.

**Содржина на предлогот**

Кога постапката за одземање на деловната способност се поведува согласно со диспозитивната максима иницијално процесно дејствие е предлогот. Во ЗВП е содржана посеба одредба која се однесува на содржината на предлогот за поведување н оваа постапка (чл. 37 ЗВП). Во предлогот за одземање деловна способност треба да се наведат фактите од кои произлегува дека постојат услови граѓанско процесно право одземање на

деловната способност на лицето и доказите со кои се потврдуваат тие факти (на пр., отпусна листа, специјалистички извештај и сл.). Кон предлогот за поведување на постапката за одземање на деловната способност, овластениот предлагач е должен да приложи и доказ за процесната легитимација за поведување на постапката. Овластените предлагачи, освен центарот за социјална работа, процесната легитимација за поведување на постапката ја докажуваат со јавни исправи (извод од матичната книга на родените, извод од матичната книга на венчаните и сл.).

**Тек на постапката.** Начелото на ефикасност што генерално важи во вонпарничната постапка, посебно доаѓа до израз во постапката за одземање на деловната способност, со оглед на фактот дека оваа постапка се води во врска со едно многу важно својство од субјективитетот на физичките лица. Ефикасноста во постапувањето е конкретизирана така што е пропишано дека постапката е итна (чл. 38 ЗВП).

По поведувањето на постапката за одземање деловна способност, кога е таа поведена од судот по службена должност или по предлог на овластен предлагач, кој не е центарот за социјална работа, судот е должен да го извести центарот за социјална работа за поведувањето на постапката (чл. 39 ЗВП), за да може тој да се вклучи во постапката да ги реализира своите законски овластувања. Ако постапката за одземање деловна способност е поведена спрема лице кое има недвижен имот, судот е должен без одлагање (веднаш да го извести за тоа органот што ги води јавните книги за евиденција на недвижностите за да стави прибелешка во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите дека е поведена постапката (чл. 41 ЗВП).

Во текот на постапката за одземање на деловната способност судот може во итни и оправдани случаи (на пр. ако постои опасност да се одолжи постапката за назначување привремен старател од страна на центарот за социјална работа) да му назначи привремен застапник на лицето спрема кое се води постапката. Пред да му назначи привремен застапник, судот ке го сослуша лицето спрема кое се води постапката, ако е тоа можно. За назначувањето привремен застапник судот без одлагање го известува центарот за социјална работа. Привремениот застапник е овластен, во текот на постапката, да го

застапува лицето спрема кое се води постапката. Неговите овластувања траат сё додека не настали некоја од причините за разрешување определени со закон. Така, привремениот застапник ќе биде разрешен од должност во следниве случаи: а) ако предлогот за одземање деловна способност е правосилно одбиен, б) ако постапката е запрена, в) Кога ќе престанат причините поради кои бил назначен и г) кога центарот за социјална работа ќе назначи привремен старател на лицето.

Во постапката одлучува врз основа на одржано рочиште. На рочиштето се повикуваат за одземање на деловната способност предлагачот и привремениот застапник, односно старателот. На рочиштето е исклучена јавноста. Судот за одземање на деловната способност доминира истражното начело. Тоа Во поглед на утврдувањето на фактичката состојба, значи дека судот може да утврдува и факти кои учесниците не ги како и факти кои мегу учесниците не се спорни ако се тие важни донесување на одлуката. ЗВП пропишува задолжително изведување определени докази пред донесувањето решение за одземанње на деловната способност.

Со цел да утврди дали постојат причини за одземање на деловната способност, во смисла на тоа каква е способноста на лицето за нормално расудување и дали е тоа способно само да се грижи за своите права и интереси, судот го сослушува лицето спрема кое се води постапката. Судот може да се откаже од сослушување на лицето ако со оглед на состојбата на неговото душевно здравје, сослушувањето не е можно или ако влив штетно врз неговото здравје (чл. 43 ЗВП).

Покрај личното сослушување на лицето спрема кое се води постапката, судот е должен да ги сослуша и лицата кои можат да дадат Податоци за животот и поведението на лицето спрема кое се води постапката. Доколку постои потреба, за битните факти за одлучувањето судот може да прибави податоци и од органот или организацијата која располага со нив (чл. 44 ЗВП).

Заради утврдување на состојбата на душевното здравје на лицето, судот определува задолжителен лекарски преглед на лицето спрема кое се води постапката. Прегледот го

вршат најмалку двајца лекари, од кои еден мора да биде специјалист за нервни и душевни болести. Станува збор за специфично вештачење кое се спроведува ВО Оваа Специфичноста на ова вештачење се состои во тоа што прегледот на Постапка. лицето, по правило, се врши во присуство на судијата, поради што овој преглед е познат уште и под името судски преглед. Присуството на судијата не е потребно ако прегледот се врши во установа. Прегледот извршен без присуство на судија претставува стационарна здравствена суштествена повреда на одредбите на ЗВП (чл. 45 ЗВП).

Ако е тоа неопходно за утврдување на состојбата здравје на лицето, судот може да определи лицето спрема кое е поведение постапката за одземање деловна способност привремено (во ЗВП погрешно е употребен терминот "навремено"), но на душевното најдолго до три месеца, да биде задржано во јавна здравствена установа за лекување душевни болести. Ваква одлука не може да се донесе во случаите кога поради задржување на лицето спрема кое се води постапката би настанале штетни последици врз неговото здравје (чл. 46 ЗВП). Против решението за задржување во граѓанско процесно право здравствена установа за лекување душевни болести жалба може да изјават предлагачот, лицето спрема кое е поведена постапката и неговиот привремен застапник, односно старател, во рок од три дена по приемот на решението. Жалбата нема суспензивно дејство, а повисокиот суд е должен да одлучи по жалбата во рок од три дена.

**Решение**

Откако ќе ги превземе сите пропишани дејствија и целосно ќе ја утврди фактичката состојба, судот одлучува дали на лицето спрема кое се води постапката ќе му ја одземе целосно или делумно деловната способност.

Ако постапката за одземање на деловната способност е поведена по службена должност од страна на судот, а судот утврди дека не постојат причини за одземање на деловната способност, судот ќе донесе решение за запирање на постапката. Кога постапката за одземање на деловната способност е поведена по предлог на овластен предлагач, а судот утврди дека не постојат причини за одземање на деловната способност, судот со решение ќе го одбие предлогот. Доколку судот најде дека постојат причини за

одземање на деловната способност (независно од тоа дали постапкатае поведена по предлог или по службена должнпост), донесува решение за целосно или делумно одземање на деловната способност на лицето. Во оваа постапка судот не е врзан со предлогот на предлагачот во поглед на обемот на одземањето на деловната способност. Судот може целосно да му ја одземе деловната спсоосбност на лицето иако бил поднесен предлог за делумно одземање, и обратно, делумно да му ја одземе деловната способност иако предлагачот барал целосно одземање на деловната способност.

Во постапката за одземање на деловната способност судот не може да одлучи врз основа на некое диспозитивно дејствие на учесниците во постапката (одрекување од барањето или признание на барањето). Учесниците во оваа постапка не можат да склучат ниту судско порамнување.

Доколку судот донесе одлука за делумно одземање на деловната способност, лицето на кое делумно муе одземена деловната способност се изедначува со малолетно лице кое има наполнето 15 години живот (чл. 48, ст. 2 ЗВП).

**Одлагање на донесување решение**

Ако на едно лице во конкретен случај треба делумно да му биде одземена деловната способност поради употреба на алкохол или на други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, а со основа може да се очекува дека лицето ќе се воздржи од употреба на алкохол или од други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, судот може да го одложи донесувањето на решението за делумно одземање на деловната способност (чл. 50 ЗВП). Одлагањето на донесувањето на Решението особено доага предвид ако лицето се подложило на лекување во соодветна здравствена организација.

Во текот на постапката судот може да му ја укаже на лицето спрема кое е поведена постапката можноста да го одложи донесувањето на решението за одземање деловна способност, ако тоа лице доброволно се подложи на лекување во соодветна јавна здравствена установа.

Судот може да го одложи донесувањето на решението за одземање на деловната способност за време од шест до 12 месеци. Ако лицето го прекине лекувањето или на друг начин го спречи лекувањето или ако е отпуштено од здравствената установа поради нарушување на редот, судот ќе го отповика решението со кое е одложено донесувањето решение за делумно одземање на деловната способност.

**Правна природа и дејство на решението**

Решението за одземање на деловната способност има конститутивна природа. Со ова решение се врши промена на правниот статус на лицето, односно се создава нова правна состојба: лице кое дотогаш било деловно способно сега е со целосно или делумно одземена деловна способност.

Решението за одземање на деловната способност има правно дејство и пред неговата правосилност. Правното дејство на решението настапува од денот кога решението му е доставено на лицето на кое се однесува, односно на неговиот застапник. Сепак, судот може да го одложи дејството на решението до денот кога решението ке стане правосилно (чл. 53 ЗВП).

Правосилното решение за одземање на деловната способност судот го доставува до: а) надлежниот орган за водење на матичните книги на родените - заради запишување на правната промена, б) надлежниот орган за запишување во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите ако лицето на кое се однесува решението има недвижен имот и в) центарот за социјална работа (чл. 54 ЗВП).

**Правни лекови**

Против решението за одземање на деловната спсособност, како и против решението со кое се одбива предлогот за одземање на деловната способност може да се изјави жалба. Жалба може да се изјави и против решението со кое се одлага донесувањето на решението за делумно одземање на деловната способност. Во поглед на жалбата, важат правилата содржани во општите одредби од ЗВП, како и посебните одредби содржани во делот со кој е регулирана оваа постапка. Легитимирани за изјавување жалба се лицето на

кое се однесува решението, старателот, предлагачот и центарот за социјална работа (чл. 55 ЗВП).

Против правосилно решение донесено во постапката за одземање на деловната спсособносте дозволена ревизија како вонреден правен лек (чл. 56ЗВП).

**Трошоци на постапката**

Трошоците на постапката за одземање на деловната способност паѓаат на товар на лицето на кое му одземена деловната способност. Со цел да се спречи злоупотребата на се поведе оваа постапка кога за тоа не постојат овластувањето да оправдани причини, ЗВП пропишува дека ако постапката е водена по предлог од овластено лице, а предлогот е одбиен, трошоците паѓаат на товар на предлагачот (чл. 57 звп).

## ПОСТАПКА ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА СПОСОБНОСТ

**Предмет на постапката**

Одземањето на деловната способност на едно лице е последица на одредена состојба на душевното здравје на лицето поради која тоа не е во состојба да се грижи за себе и за заштита на своите права и интереси. Сепак, состојбата на душевното здравје на едно лице во најголем број случаи е променлива категорија. Поголемиот дел од причините за одземање на деловната способност може да престанат да постојат, така што лицето повторно може да се грижи за себе и за заштита на своите права и интереси. Поради тоа, по престанокот на причините поради кои на лицето му е одземена деловната способност, судот ќе донесе решение со кое ќе му ја врати деловната способност целосно или делумно (чл. 49 ЗВП). Иако од наведената законска одредба јасно произлегува можноста да се води обратна постапка во зависност од промените во состојбата на душевното здравје на лицето, ЗВП со посебна одредба пропишува дека ако по донесувањето на решението за целосно одземање на деловната способност се утврди дека состојбата на лицето на кое се однесува решението е поправена толку, што е доволно и делумно одземање на деловната способност (во ЗВП тука погрешно се употребени зборовите “ што е доволно и делумно способно"), судот може да го измени решението и да определи делумно одземање на деловната способност (чл. 51 ЗВП).

**Поведување на постапката**

Постапката за враќање на деловната способност (или, според формулацијата на ЗВП, "измена на решението за одземање на деловна способност") може да ја поведе судот по службена должност или по предлог од лицата, односно органот кои можат да поведат постапка за одземање на деловната способност. Покрај тоа, предлог за враќање на деловната способност може да поднесе и лицето на кое му е одземена деловната способност и неговиот старател (чл. 52 ЗВП). Како што е веке објаснето, овластувањето на лицето на кое му е одземена деловната способност да поднесе предлог за враќање на деловната способност претставува специфично отстапување од правилото дека дејствија во постапката можат самостојно да преземаат само лица кои имаат деловна, односно вонпарнична способност.

**Правила за постапување**

Во постапката за враќање на деловната способност соодветно се применуваат одредбите кои се однесуваат на постапката за одземање на деловната способност. Тоа значи дека во оваа постапка судот треба да ги преземе сите дејствија што е должен да ги преземе и во постапката за одземање на способност.

По спроведувањето на постапката, судот донесува решение со кое ја враќа деловната способност во целост или делумно, или ако не постојат основи за враќање на деловната способност, донесува решение со кое го одбива предлогот ако постапката за враќање на деловната способност е поведена по предлог. Како и решението на одземање на деловната способност, и решението за вракање на деловн способност има конститутивна природа. Решението за враќање во деловната способност и решението за измена на решението за одземање на деловната способност имаат правно дејство од денот кога решението му е доставено на лицето на кое се однесува, односно на неговиот застапник Судот може да го одложи дејството на решението до денот кога решението ќе стане правосилно. Правосилното решение за враќање деловна способност и за измена на решението за одземање деловна способност судот го доставува до: а) надлежниот орган за водење на матичните книги на родените – заради запишување на правната промена, б) надлежниот орган за запишување во јавните книги во кои се запишуваат правата врз

недвижностите ако лицето на кое се однесува решението има недвижен имот и в) центарот за социјална работа. 2.5. Правни лекови. Против решението за враќање на деловната способност може да изјават жалба: лицето на кое се однесува решението, старателот, предлагачот и центарот за социјална работа. Против правосилно решение донесено во постапката за враќање на деловната способност е дозволена ревизија како вонреден правен лек.